– Сектор за правни работи–

Архивски број: 03-6608/1
Датум: 02-06-2022

Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
Бр. 08-36502
02.06. 2022 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги – осигурување на службените моторни возила

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје, со седиште на бул. „Св.Климент Охридски" бр.26 Скопје, застапувано од Владимир Тошевски, генерален директор, натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е осигурување на службените моторни возила на Министерството за финансии од одговорност за штети предизвикани на трети лица и осигурување на стакло по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас број 04126/2022.

Составни делови на овој договор се следните прилози.

Прилог 1 - Листа со износ на премија за осигурување;

Прилог 2 - Листа со износ на зелен картон;

Прилог 3 - Список со број и локација на експозитури за осигурување и

Прилог 4 - Список на службените моторни возила на Министерството за финансии.

Член 2

Договорниот орган го задржува правото по потреба да го дополнува Списокот на службени моторни возила на Министерството за финансии со други моторни возила со кои дополнително би се стекнал за времетраење на договорот за јавна набавка.

Носителот на набавката во текот на целото времетраење на договорот ќе ја врши услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне во согласност со условите дефинирани во договорот.

## II. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Осигурувањето на службените моторни возила на договорниот орган од одговорност за штети причинети на трети лица и осигурување на стакло ќе се извршува во експозитурите на носителот на набавката лоцирани во градовите на територијата на Република Северна Македонија, според Списокот на експозитури за осигурување кој е даден како прилог кон овој договор и претставува негов составен дел (Прилог 3), во зависност од потребите на договорниот орган.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Износот на вкупната бруто премија за осигурување, која претставува збир од бруто премијата за осигурување од одговорност на штети предизвикани на трети лица од употреба на возило (автоодговорност) со вкалкулиран евентуален бонус/малус и бруто премијата за осигурување на стакло со засметан евентуален попуст, за секое моторно возило поединечно и износот за зелен картон се дадени во Листата со износ на премија за осигурување (Прилог 1) и Листата со износ на зелен картон (Прилог 2), кои се составен дел на овој договор.

Максималната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност, изнесува 400.000,00 денари без пресметан ДДВ.

Фактурирањето за извршената услуга предмет на овој договор ќе се врши врз основа на единечните цени дадени во Прилог 1 и Прилог 2 кон овој договор.

На возилата дополнително вклучени во Списокот на службени моторни возила на Министерството за финансии ќе се применуваат цените од Листата со износ на премија за осигурување (Прилог 1) и Листата со износ на зелен картон (Прилог 2), во зависност од категоријата на возилата.

## IV. ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од максималната вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката ја доставува заедно со потпишаниот договор во рок од 5 работни дена од денот на добивање на договорот од страна на договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го испорачува на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 633
www.finance.gov.mk

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## V. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

### Член 6

Корекција на износот на вкупната бруто премија е дозволена само доколку истата се јавува како резултат на промена на висината на стапката на техничка премија за осигурување од одговорност за штети предизвикани на трети лица во согласност со Одлуката за утврдување на минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

### Член 7

Корекција на износот на бруто премијата се врши на барање на која било од договорните страни на договорот за јавна набавка, а по прифаќање од двете договорни страни.

### Член 8

Како релевантен доказ за промената на износот на бруто премијата за осигурување ќе се користи Одлуката за утврдување на минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

## VI. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 9

Носителот на набавката е должен да изврши осигурување на сите службени моторни возила на договорниот орган наведени во Списокот на службени моторни

возила, во време и место кое ќе го определи договорниот орган и според потребите на договорниот орган.

За времетраење на договорот за јавна набавка можни се промени на регистарските таблички заради промена на корисникот кај договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во текот на целото времетраење на договорот за набавка да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите дефинирани во овој договор.

Носителот на набавката има обврска на доносителот на возилото веднаш да му издаде полиса за осигурување од одговорност за штети предизвикани на трети лица и осигурување на стакло.

Носителот на набавката има обврска во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на оштетното побарување во писарницата на носителот на набавката да изврши исплата на надоместокот на штета.

## VII. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок до 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган, а која се однесува на извршеното осигурување на секое поединечно моторно возило или издавање на годишен зелен картон.

Член 11

Сите трошоци кои ќе произлезат во врска со извршувањето на обврските на носителот на набавката при реализацијата на предметната набавка, а кои се однесуваат на одредени административни такси или надоместоци спрема трети лица, ќе бидат на товар на носителот на набавката.

Договорниот орган нема обврска да ги плаќа патните и другите трошоци на носителот на набавката кои ќе произлезат од извршувањето на обврските предмет на овој договор.

## VIII.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 12

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација и упатствата на

договорниот орган и во согласност со законската регулатива за овој вид на набавка.

Член 13

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги почитува следните правила:

- на барање на договорниот орган да го осигура секое моторно возило наведено во Списокот на моторни возила со кои располага Министерството за финансии, согласно условите дефинирани во договорот и да издаде полиса за осигурување од одговорност за штети на трети лица и осигурување на стакло, на доносителот на возилото;
- да ги запознае своите експозитури од Прилог 3 кон овој договор со обврските што произлегуваат од овој договор и да им го достави Списокот на службените моторни возила (Прилог 4);
- во текот на целото времетраење на договорот за набавка да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите дефинирани во овој договор;
- да им обезбеди приоритет во вршењето на услугата на моторните возила на договорниот орган;
- да се грижи за навремено извршување на услугата во смисла на запазување на роковите за задолжително осигурување на моторните возила на договорниот орган.

## IX. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 14

Доколку за време на важењето на договорот договорниот орган се стекне со правото на сопственост на други возила или од било кои причини го изгуби правото на сопственост над возилата од прилогот кон договорот, за тоа писмено ќе го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршеното осигурување и издавање на годишен зелен картон, според условите дефинирани во член 9 од овој договор.

Договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката за секоја промена во однос на сопственоста на возилата.

## X. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 16

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 17

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 18

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци и истиот почнува да се применува од 14.11.2022 година.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на договорот.

Член 20

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 21

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договор само во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки.

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и другите позитивни правни прописи.

– Сектор за правни работи–

Член 22

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 23

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) примероци за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | Национална групација за осигурување |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА |
| СКОПЈЕ | СКОПЈЕ |
| МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ | ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР |
| Dr. Fatmir Besimi | Владимир Тошевски |

Изработил: Панче Чоневски/Петрина Мале
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup | +389 2 3255 633 www.finance.gov.mk | МФРСМ.Ф.8.4/13-19 издание 4

## Прилог 1 кон понуда-Листа со износ на премија за осигурување

| Р.Б | Марка на возило | Тип на возило | Регистерски број | Година на призводство | Сила на мотор (kw) | Работна зафатнина на мотор (cm3) | Износ на премија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СЕАТ | Ибица | КУ- 7267-АЕ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 2 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ШТ-192-ТГ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 3 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | БТ-630-ЦБ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 4 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | КР-0332-АБ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 5 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ВЕ-150-БГ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 6 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ВЕ-9224-АБ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 7 | СЕАТ | Ибица | ГВ-266-БА | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 8 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ВЕ-014-КЦ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 9 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ОХ-207-КП | 2001 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 10 | Фиат | Punto | КП-8403-АБ | 2002 | 44 | 1242 | 3.806,00 |
| 11 | СЕАТ | Ибица | ОХ-175-БФ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 12 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ПП-155-БИ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 13 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ПП-613-БИ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 14 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ОХ-872-ХС | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 15 | СЕАТ | Ибица | СР-5486-АЦ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 16 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ТЕ-385-БП | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 17 | СЕАТ | Ибица | СН-2164-АБ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 18 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | СК-601-КД | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 19 | СЕАТ | Ибица | КО 2147 АС | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 20 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | СК-027-КГ | 2000 | 44 | 1390 | 3.806,00 |
| 21 | ШКОДА | Фабија | СК-386-НТ | 2004 | 47 | 1896 | 4.379,00 |
| 22 | ШКОДА | Фелиција | ВЕ-767-РД | 1996 | 43 | 1287 | 3.806,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | ШКОДА | Фелиција | ШТ-332-КД | 1996 | 43 | 1289 | 3.806,00 |
| 24 | ФИАТ | Пунто | RA-9870-AB | 2002 | 44 | 1242 | 3.806,00 |
| 25 | ФИАТ | Пунто | ГВ-1684-АЕ | 2002 | 44 | 1242 | 3.806,00 |
| 26 | ПЕЖО | 307 | СК-346-НХ | 2003 | 80 | 1587 | 5.729,00 |
| 27 | МЕРЦЕДЕС | Е-240 | СК-859-ПР | 1999 | 125 | 2398 | 8.266,00 |
| 28 | Шкода | Суперб | СК-1693-АФ | 2013 | 125 | 1968 | 8.266,00 |
| 29 | Шкода | Октавиа | СК-1689-АФ | 2013 | 110 | 1968 | 6.833,00 |
| 30 | Шкода | Октавиа | СК-6831-АЕ | 2013 | 110 | 1968 | 6.833,00 |
| 31 | Шкода | Октавиа | СК-6830-АЕ | 2013 | 77 | 1598 | 5.729,00 |
| 32 | Шкода | Октавиа | СК-6828-АЕ | 2013 | 77 | 1598 | 5.729,00 |
| 33 | Шкода | Октавиа | СК-6827-АЕ | 2013 | 77 | 1598 | 5.729,00 |
| 34 | Шкода | Рапид | СК-1694-АФ | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 35 | Шкода | Рапид | СК-1685-АФ | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 36 | Шкода | Рапид | СК-1692-АФ | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 37 | Шкода | Рапид | СК-1697-АФ | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 38 | Шкода | Рапид | СК-1695-АФ | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 39 | Шкода | Рапид | ШТ-2689-АД | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 40 | Шкода | Рапид | СК-1682-АФ | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 41 | Шкода | Рапид | СК-1681-АФ | 2013 | 63 | 1197 | 4.951,00 |
| 42 | Шкода | Ситигоо | СК-1687-АФ | 2013 | 44 | 999 | 3.806,00 |
| 43 | Шкода | Ситигоо | СК-1683-АФ | 2013 | 44 | 999 | 3.806,00 |
| 44 | Шкода | Ситигоо | СК-1684-АФ | 2013 | 44 | 999 | 3.806,00 |
| 45 | Хонда | ЦР-В | СК-6751-АФ | 2013 | 114 | 1997 | 8.266,00 |
| 46 | ВОЛВО | ХС 90 | СК-9693-АЈ | 2015 | 165 | 1969 | 8.266,00 |
| 47 | Шкода | Јети | СК-7967-АО | 2016 | 110 | 1968 | 6.833,00 |
| 48 | Шкода | Јети | СК-7985-АО | 2016 | 110 | 1968 | 6.833,00 |
| | | | | | | ВКУПНО | 230.061,00 |

Прилог 2 кон понуда - Листа со износ на зелен картон

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Тип на возило | Регистерски број | Сила на мотор (kw) | Работна зафатнина на мотор (cm3) | Единечна цена за годишен зелен картон |
| 1 | Шкода суперб | СК-1693-АФ | 125 | 1968 | 5.536 |
| 2 | Хонда ЦР-В | СК-6751-АФ | 114 | 1997 | 5.536 |
| 3 | Волво | СК-9693-АЈ | 165 | 1969 | 5.536 |
| 4 | Шкода октавиа | СК-1689-АФ | 110 | 1968 | 5.536 |
| 5 | Шкода октавиа | СК-6831-АЕ | 110 | 1968 | 5.536 |
| 6 | Шкода октавиа | СК-6830-АЕ | 77 | 1598 | 5.536 |
| 7 | Шкода октавиа | СК-6828-АЕ | 77 | 1598 | 5.536 |
| 8 | Шкода октавиа | СК-6827-АЕ | 77 | 1598 | 5.536 |
| 9 | Шкода рапид | SK-1694-AF | 63 | 1197 | 3.690 |
| 10 | Шкода рапид | SK-1685-AF | 63 | 1197 | 3.690 |
| 11 | Шкода рапид | SK-1692-AF | 63 | 1197 | 3.690 |
| 12 | Шкода рапид | SK-1697-AF | 63 | 1197 | 3.690 |
| 13 | Шкода рапид | SK-1695-AF | 63 | 1197 | 3.690 |
| 14 | Шкода рапид | SK-1682-AF | 63 | 1197 | 3.690 |
| 15 | Шкода рапид | SK-1681-AF | 63 | 1197 | 3.690 |
| 16 | Шкода Јети | СК-7967-АО | 110 | 1968 | 5.536 |
| 17 | Шкода Јети | СК-7985-АО | 110 | 1968 | 5.536 |

ЦЕНАТА НА ЗЕЛЕНИОТ КАРТОН НЕ Е ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКА АУКЦИЈА

Прилог 3

# ЕКСПОЗИТУРИ И КАНЦЕЛАРИИ НА АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА

**СКОПЈЕ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дирекција** | бул.Климент Охридски бр.26 | 02 3244 600 | **Тафталиџе** | ул.Борка Талевски бр.69 | 02 3070 576 |
| **Експозитури** | | | **Универзална** | ул.Митрополит Теодосиј Гологанов 96/1 локал 1 | 02 3245 841 |
| **Максим Горки** | ул.Максим Горки бр.8/1-3 | 02 3256 894 | | | |
| **Аеродром** | бул.Јане Сандански бр.54-1/6-10 | 02 2403 189 | **Центар** | ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.39 | 02 3215 144 |
| **Беверли** | ул.Народен Фронт бр.21/2 лок.2 | 02 3121 501 | **Ченто** | ул.Антон Попов бб. | 075 284 642 |
| **Карпош** | ул.Партизански одреди бр.117 | 02 3061 515 | **Илинден** | ул.34 бр.3 | 075 284 622<br>071 264 070 |

**МАКЕДОНИЈА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Битола 2** | ул.Никола Тесла бр.51 | 047 228 360 | **Куманово 3** | ул.Железничка бб | 031 430 600 |
| **Битола** | ул.Солунска бр.214 | 047 228 854 | **Неготино** | ул.Маршал Тито бр.188 | 043 371 564 |
| **Вевчани** | Населено место ББ Вевчани | 046 701 018 | **Облешево** | ул.Јоаким Крчовски бр.1 | 033 351 091 |
| **Велес** | ул.Владимир Назор бр.4 | 043 212 940 | **Охрид** | ул.Партизанска бр.7 | 046 230 515 |
| **Виница** | ул.Маршал Тито бр.111 | 033 360 011 | **Прилеп** | ул.11-ти Октомври бр.78 | 048 401 100 |
| **Гевгелија** | бул.Гевгелија бр.1М | 034 230 233 | **Свети Николе** | ул.Карпошева бр.26 | 032 453 350 |
| **Гостивар** | ул.Сретко Крстески бр.1 | 042 213 062 | **Струмица** | ул.Васил Сурчев бр.5 | 034 346 501 |
| **Дебар** | бул.Атанасие Илиќ бр.8 | 075 280 271 | **Струмица 2** | ул.Климент Охридски бб. | 075 221 839 |
| **Делчево** | бул.Македонија бр.бб. | 033 412 200 | **Струга** | ул.Пролетерски Бригади бр.14 | 046 784 081 |
| **Кавадарци** | ул.7-ми Септември бр. 53А | 043 400 920 | **Тетово** | ул.Маршал Тито бр.1/1-1 | 044 351 800 |
| **ЗВ Кавадарци** | ул.Шишка бр.172 | 075 284 629 | **Тетово 2** | ул.Љубо Божиновски- Пиш бр.127 | 044 332 119 |
| **Кичево** | бул.Ослободување бр.17 | 045 224 666 | **Штип** | ул.Генерал М. Апостолски бр.26 | 032 393 031 |
| **Кочани** | ул.Димитар Влахов бр. А/1 | 033 271 116 | | | |
| **Кратово** | Населено место ББ Шлегово | 078 288 381 | | | |
| **Крива Паланка** | ул.Св. Јоаким Осоговски бр.242 | 031 377 530 | **ДРУШТВО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ** | | |
| **Крушево** | ул.Илинденска бр.22 | 048 476 820 | **Ваш Пријател АД Прилеп** | | |
| **Куманово** | ул.Трета Мак. Бригада бр.46 | 031 437 534 | Кузман Јосифовски Питу бр.8 | | 048 429 515 |
| **Куманово 1** | ул.11-ти Октомври бр.1 | 075 284 644 | | | 075 284 652 |

Прилог 4

# СПИСОК НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

| Р.Б | Марка на возило | Тип на возило | Регистерски број | Година на призводство | Сила на мотор (kw) | Работна зафатнина на мотор (cm3) | Број на мотор | Број на шасија | Корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СЕАТ | Ибица | КУ- 7267-АЕ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230220 | VSSZZZ6K1R161869 | Куманово |
| 2 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ШТ-192-ТГ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230250 | VSSZZZ6KZ1R164233 | Берово |
| 3 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | БТ-630-ЦБ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 228685 | VSSZZZ6KZ1R126036 | Битола |
| 4 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | КР-0332-АБ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230313 | VSSZZZ6KZ1R168961 | Кратово |
| 5 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ВЕ-150-БГ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 213752 | VSSZZZ6KZ1RO57717 | Велес |
| 6 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ВЕ-9224-АБ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230264 | VSSZZZ6KZ1R165688 | Неготино |
| 7 | СЕАТ | Ибица | ГВ-266-БА | 2000 | 44 | 1390 | АКК 214216 | VSSZZZ6K31P 058871 | Гостивар |
| 8 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ВЕ-044-КЦ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230292 | VSSZZZ6K31R 166028 | Кавадарци |
| 9 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ОХ-207-КП | 2001 | 44 | 1390 | АКК 232683 | VSSZZZ6KZ1R 248694 | Кичево |
| 10 | Фиат | Punto | КП-8403-АБ | 2002 | 44 | 1242 | 1055724 | ZFA18800004480740 | К.Паланка |
| 11 | СЕАТ | Ибица | ОХ-175-БФ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230296 | VSSZZZ6KZ1R 166135 | Охрид |
| 12 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ПП-155-БИ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 214535 | VSSZZZ6KZ1R 059743 | Крушево |
| 13 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ПП-613-БИ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230263 | VSSZZZ6KZ1R 165244 | Прилеп |
| 14 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ОХ-872-ХС | 2000 | 44 | 1390 | АКК 213429 | VSSZZZ6KZ1R 056774 | Струга |
| 15 | СЕАТ | Ибица | СР-5486-АЦ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 214116 | VSSZZZ6KZ1R 058666 | Струмица |
| 16 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | ТЕ-385-БП | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230371 | VSSZZZ6K1R 168958 | Тетово |
| 17 | СЕАТ | Ибица | СН-2164-АБ | 2000 | 44 | 1390 | АКК 228694 | VSSZZZ6KZ1R 126138 | Св.Николе |
| 18 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | СК-601-КД | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230241 | VSSZZZ6KZ1R 162711 | Скопје-Чаир |
| 19 | СЕАТ | Ибица | КО 2147 АС | 2000 | 44 | 1390 | АКК 230229 | VSSZZZ6KZ1R 162317 | Кочани |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | СЕАТ | Ибица 1.4 Стела | СК-027-КГ | 2000 | 44 | 1390 | AKK 230232 | VSSZZZ6KZ1R 163344 | Скопје-Центар |
| 21 | ШКОДА | Фабија | СК-386-НТ | 2004 | 47 | 1896 | ASY/224575 | TMBNF46Y844076993 | Скопје-Карпош |
| 22 | ШКОДА | Фелиција | ВЕ-767-РД | 1996 | 43 | 1287 | 2319117 | TMBEEA614-TO249067 | Валандово |
| 23 | ШКОДА | Фелиција | ШТ-332-КД | 1996 | 43 | 1289 | 2316106781135 | TMBEEA614-TO246030 | Виница |
| 24 | ФИАТ | Пунто | RA-9870-AB | 2002 | 44 | 1242 | 1132117 | ZFA18800005184078 | Радовиш |
| 25 | ФИАТ | Пунто | ГВ-1684-АЕ | 2002 | 44 | 1242 | 1138693 | ZFA18800004504442 | Гостивар |
| 26 | ПЕЖО | 307 | СК-346-НХ | 2003 | 80 | 1587 | 10FX3V2011467 | VF33CNFUB83199511 | Скопје-Кисела Вода |
| 27 | МЕРЦЕДЕС | Е-240 | СК-859-ПР | 1999 | 125 | 2398 | 112911-30-639703 | WDB2100611B065031 | МФ-Скопје |
| 28 | Шкода | Суперб | СК-1693-АФ | 2013 | 125 | 1968 | CFG 391178 | TMBAF83T9E9027210 | МФ-Скопје |
| 29 | Шкода | Октавиа | СК-1689-АФ | 2013 | 110 | 1968 | CKF 025614 | TMBAJ6NE5E0076913 | МФ-Скопје |
| 30 | Шкода | Октавиа | СК-6831-АЕ | 2013 | 110 | 1968 | CKF 024010 | TMBAJ6NE0E0073868 | МФ-Скопје |
| 31 | Шкода | Октавиа | СК-6830-АЕ | 2013 | 77 | 1598 | CLH B23120 | TMBAG6NE4E0074276 | МФ-Скопје |
| 32 | Шкода | Октавиа | СК-6828-АЕ | 2013 | 77 | 1598 | CLH B23034 | TMBAG6NE9E0074578 | МФ-Скопје |
| 33 | Шкода | Октавиа | СК-6827-АЕ | 2013 | 77 | 1598 | CLH B23821 | TMBAG6NE3E0074303 | МФ-Скопје |
| 34 | Шкода | Рапид | СК-1694-АФ | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E76883 | TMBAM4NH7E4013424 | МФ-Скопје |
| 35 | Шкода | Рапид | СК-1685-АФ | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E77318 | TMBAM4NH0E4013457 | МФ-Скопје |
| 36 | Шкода | Рапид | СК-1692-АФ | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E77294 | TMBAM4NH5E4013406 | МФ-Скопје |
| 37 | Шкода | Рапид | СК-1697-АФ | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E76303 | TMBAM4NH7E4013648 | МФ-Скопје |
| 38 | Шкода | Рапид | СК-1695-АФ | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E76331 | TMBAM4NH3E4013663 | МФ-Скопје |
| 39 | Шкода | Рапид | ШТ-2689-АД | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E77352 | TMBAM4NH9E4013392 | ПЕ-Штип |
| 40 | Шкода | Рапид | СК-1682-АФ | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E79462 | TMBAM4NH5E4013678 | МФ-Скопје |
| 41 | Шкода | Рапид | СК-1681-АФ | 2013 | 63 | 1197 | CBZ E84280 | TMBAM4NH0E4014253 | МФ-Скопје |
| 42 | Шкода | Ситигоо | СК-1687-АФ | 2013 | 44 | 999 | CHY 376271 | TMBZZZAAZED615922 | Гази Баба |
| 43 | Шкода | Ситигоо | СК-1683-АФ | 2013 | 44 | 999 | CHY 372026 | TMBZZZAAZED615353 | МФ-Скопје |
| 44 | Шкода | Ситигоо | СК-1684-АФ | 2013 | 44 | 999 | CHY 376199 | TMBZZZAAZED615878 | МФ-Скопје |
| 45 | Хонда | ЦР-В | СК-6751-АФ | 2013 | 114 | 1997 | R20A9/1040772 | SHSRE5780DU020926 | МФ-Скопје |
| 46 | ВОЛВО | ХС 90 | СК-9693-АЈ | 2015 | 165 | 1969 | 1239443 | YV1LFA4BCG1005007 | МФ-Скопје |
| 47 | Шкода | Јети | СК-7967-АО | 2016 | 110 | 1968 | DFS 201577 | TMBLD45L4H6032938 | МФ-Скопје |
| 48 | Шкода | Јети | СК-7985-АО | 2016 | 110 | 1968 | DFS 201970 | TMBLD45LXH6033477 | МФ-Скопје |